ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ
ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО
Бр. 04-95/2
22.01.2024 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 22 став 8 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ Бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и 143/19), член 22 став 1 алинеја 1 и член 23 од Законот за работните односи ("Службен весник на РМ" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 23/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 127/16, 120/18 и 110/19)и Правилникот за систематизација на работните места во Државниот инспекторат за земјоделство бр. 04-1322/1 од 26.12.2019, 04-222/1 од 23.02.2021, 04-994/1 од 25.11.2021 и 04-203/1 од 18.02.2022, 04-543/1 од 06.06.202, 04-629/1 од 06.07.2022, 04-749/1 од 18.08.2022, 04-1116/2 од 13.12.2022, 04-105/2 од 13.02.2023, 04-235/1 од 28.02.2023, 04-462/1 од 25.04.2023, 04-648/1 од 13.06.2023 и 04-1143/1 од 23.11.2023 година, Државниот инспекторат за земјоделство објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС
## за вработување на 3 (тројца) извршители на определено време во Државниот инспекторат за земјоделство

Државниот инспекторат за земјоделство објавува јавен оглас за вработување на 3 (тројца) извршители на определено време до 31.12.2024 година за следните работни места:

1. УПР 01 01 В01 000 - Советник за управување, анализа, проценка, комуникација и информација за ризик и меѓународни проекти во фитосанитарната политика во Одделение за анализа на ризик -Сектор за проекти и административна подршка на директорот -1 извршител

*Општи услови*
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

*Посебни услови:*
- Ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – земјоделски и ветринарни науки
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски јазик, француски и германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- најмалку 3 години работно искуство во струката;

*Распоред на работно време:*
- Работни часови неделно: 40
- Работно време:од понеделник до петок од 07:30-08:30 до 15:30-16:30 часот
- Паричен нето износ на плата: 31.524.00 денари

2. ИНС 01 01 В04 001 Помлад инспектор - Државен инспектор за земјоделство за инспекциски надзор од областа на цвеќе и генетски модифицирани организми во Република Северна Македонија во Одделение за инспекциски надзор од областа на цвеќе и генетски модифицирани организми - Сектор за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производи за заштита на растенија,квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, цвеќе, генетски модифицирани организми и виното и лозарството.

*Општи услови*
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место,

- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

*Посебни услови:*

- Ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – земјоделски и ветринарни науки
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски јазик, француски и германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- со или без работно искуство по дипломирањето

*Распоред на работно време:*

- Работни часови неделно: 40
- Работно време:од понеделник до петок од 07:30-08:30 до 15:30-16:30 часот
- Паричен нето износ на плата: 26.812.00 денари

**3.** ИНС 01 01 В01 001 Советник инспектор - Државен фитосанитарен инспектор за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика на граничен премин во Република Северна Македонија во Одделение за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика на граничен премин - Сектор за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика -1 извршител.

*Општи услови*

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

*Посебни услови:*

- Ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Наука за земјиштето и хидрологија, Добиточно производство (Сточарство), Растително производство
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски јазик, француски и германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- најмалку 3 години работно искуство по дипломирањето;

*Распоред на работно време:*

- Работни часови неделно: 40
- Работно време:од понеделник до петок од 07:30-08:30 до 15:30-16:30 часот
- Паричен нето износ на плата: 31.524.00 денари

Заинтересираните кандидати задолжително треба да ја достават следната документација во оригинал форма или фотокопија заверена кај нотар:

- Своерачно потпишана пријава за работното место за кое се пријавуваат;
- Кратка биографија (CV) со задолжително наведен телефон за контакт и адреса;
- Писмо за мотивација;
- Доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност
- Уверение за државјанство;
- Уверение/диплома за завршен степен на образование кое се бара за работното место;
- Доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски јазик, француски и германски);
- Доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- Доказ за потребното работно искуство по дипломирањето.

Пријавата со потребната документација, да се достави до архивата на Државниот инспекторат за земјоделство или испрати по пошта на следнава адреса: Државен инспекторат за земјоделство бул ,, Гоце Делчев бр.18 зграда на МРТВ 13 кат – 1000 Скопје( со назнака ,,за оглас за вработување на определено време'').

На ковертот да се наведе работното место за кое се аплицира.

Контакт телефон на Државниот инспекторат за земјоделство: (02) 3121 – 462.

Рокот за доставување на потребната документација е три (3) работни дена, сметано од денот на објавување на огласот во дневниот печат. Ненавремената и некомплетната пријава и документација нема да биде разгледувана. По извршената селекција на пријавените кандидати за пополнување на наведените работни места, избраните кандидати ќе бидат дополнително повикани на интервју во просториите на Државниот инспекторат за земјоделство. Државниот инспекторат за земјоделство ќе изврши избор во рокот пропишан согласно член 23 став 2 од Законот за работните односи.

Државен инспекторат за земјоделство